44 м², кое се наоѓа на КП бр. 13/1, место викано Друмот, катастарска култура нива, катастарска класа 2, во вкупна површина од 16 ар 96 м², КП бр. 13/2, место викано Друмот, катастарска култура нива, катастарска класа 2, во вкупна површина од 17 ар 16 м² и КП бр. 15, место викано Друмот, катастарска култура нива, катастарска класа 2, во вкупна површина од 15 ар 32 м², запишани во Имотен лист бр. 386 за КО Марвинци, во сопственост на Република Северна Македонија.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува со времетраење до 30.11.2052 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-2644/7 Претседател на Владата
12 мај 2026 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**1545.**

Врз основа на член 107 став (1) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРИВАТНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА „ИНТЕРНАЦИОНАЛНА ГРАДИНКА МАКСИМИЛИЈАН“ - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука се дава одобрение за основање на приватна установа за деца - детска градинка „Интернационална градинка Максимилијан“ во Скопје, со седиште на ул. „Леринска“ бр.11а.

Член 2

Одобрението од член 1 од оваа одлука, се дава врз основа на поднесеното барање од основачот Друштво за услуги Интернационал Киндергарден Максимилијан ДОО Скопје, со седиште на ул. „Леринска“ бр. 11а Скопје.

Член 3

Во приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука, ќе се организира и остварува згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, која како дејност се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовани, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето на возраст од три до шест години, односно до поаѓање во основното училиште, согласно Законот за заштита на децата.

Член 4

Потребните соодветни и стручни и други работници кои ќе ја остваруваат дејноста згрижување и воспитание на деца во приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука, се согласно пропишаните стандарди и нормативи за вршење на дејноста.

Член 5

Потребната опрема за опремување на приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука, е согласно пропишаните стандарди и нормативи за вршење на дејноста.

Член 6

Приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука, ќе биде сместена во објект на ул. „Леринска“ бр. 11а Скопје, со површина од 308 $м^2$ и оградено дворно место од 126 $м^2$.

Член 7

Бројот на децата кои ќе бидат опфатени со згрижување и воспитание е 46 деца, организирани во три групи, на возраст од три до шест години, односно до поаѓање во основното училиште, согласно Законот за заштита на децата.

Член 8

Програмата за вршење на дејноста е според Програмата за рано учење и развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/14).

Член 9

Јазикот на кој ќе се изведуваат активностите во приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука, е македонски јазик и неговото кирилско писмо, а за децата на припадниците на другите заедници е јазикот на соодветната заедница за група деца, согласно Законот за заштита на децата.

Член 10

Приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука, ќе отпочне со работа, по добивањето на решението за вршење на дејноста од министерот за социјална политика, демографија и млади и уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Член 11

Средствата за основање и работа на приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука, ги обезбедува основачот.

Член 12

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-2803/11 Претседател на Владата
12 мај 2026 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**1546.**

Врз основа на член 5 став (3) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/24, 224/14, 3/25 и 144/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 12 мај 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИТЕТ ЗА ИСТРАГА НА ВОЗДУХОПЛОВНИ НЕСРЕЌИ И СЕРИОЗНИ ИНЦИДЕНТИ**

Член 1

Со оваа одлука се формира Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти (во натамошниот текст: Комитет за истражување) за спроведување на безбедносно истражување на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти во кои учествуваат цивилни воздухоплови или падобрани, како независно истражно тело со својство на правно лице.

Член 2

Комитетот за истражување го сочинуваат тројца истражители кои ги именува Владата на Република Северна Македонија, од кои еден се именува за претседател согласно член 131 став (1) од Законот за воздухопловство.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање на Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/12 и 73/18).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-2936/10
12 мај 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**1547.**

Врз основа на член 38 ставови 3 и 4 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ајшенур Јилдирим Милкова, на ул. „Цано Поп Ристов“ бр.54, Кавадарци, за земјоделско земјиште под долгогодишен насад, кое се наоѓа на КП бр.1528, место викано Редеш, катастарска култура лозје, катастарска класа 4, површина 1ха 23ари 83м2, запишана во Имотен лист бр.660 за КО Курија, сопственост на Република Северна Македонија.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува со времетраење до 2.7.2042 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-2991/8
12 мај 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**1548.**

Врз основа на член 38 ставови 3 и 4 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија” бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр. 161/19, 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Бранко Велиновиќ, с.Тремник, Неготино, за земјоделско земјиште под долгогодишен насад, кое се наоѓа на КП бр.85/5, место викано Тимјаник, катастарска култура лозје, катастарска класа 5, со површина од 42ари 76м$^2$, запишано во Имотен лист бр.1648 за КО Тимјаник, во сопственост на Република Северна Македонија.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува со времетраење до 13.6.2042 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-2992/7
12 мај 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**1549.**

Врз основа на член 42 став (16) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22, 129/23, 253/23, 147/24, 49/25 и 96/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2026 година, донесе